Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 04-2050/1
07.11.2022 год.
ОБЛЕШЕВО

Врз основа на член 52 став 1, 2 и 3 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20 и 215/21), Градоначалникот на Општина Чешиново-Облешево донесе:

**О Д Л У К А**

**За невршење избор на кандидат за унапредување на административен службеник по пат на интерен оглас бр.02/2022**

1. За работното место под реден број 1. **УПР 01 01 В01 000 Советник за нормативно-правни работи,** 2. **УПР 01 01 В01 000 Советник за основно образование,** 3. **УПР 01 01 В01 000 Советник за управување и координирање со човечки ресурси и** 4. **УПР 01 01 Г01 000 Самостоен референт за канцелариско и архивско работење,** НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР .
2. Оваа Одлука влегува во сила по нејзина конечност, а ќе се објави на интернет страната на општина Чешиново-Облешево.

О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за администрација по барање на општина Чешиново-Облешево објави интерен оглас бр.02/2022 кој беше објавен на Веб страната на општина Чешиново-Облешево и на Веб страната на Агенцијата за администрација на ден 12.10.2022 год., за унапредување на 04 (четири) административни службеници на неопределено време во општинската администрација на општина Чешиново-Облешево, на работно место: 1.УПР 01 01 В01 000 Советник за нормативно- правни работи,2.УПР 01 01 В01 000 Советник за основно образование, 3. УПР 01 01 В01 000 Советник за управување и координирање со човечки ресурси и 4.УПР 01 01 Г01 000 Самостоен референт за канцелариско и архивско работење .

Комисијата за селекција и унапредување на административни службеници формирана со Решение бр.04-1835/7 на ден 01.11.2022 год., во просториите на Агенцијата за администрација спроведе административна селекција по интерниот оглас бр.02/2022 , за што е изготвен Записник од административна селекција за Интерен оглас бр. 04-2030/1 од 01.11.2022 година , и Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју со финална ранг листа на интервјуираните кандидати бр.04-2030/2 од 02.11.2022 год., и истите ги достави до Градоначалникот на општината.

Во меѓувреме се изменија дел од потребните посебни услови за поединечни работни места се појави потреба од измени на Правилникот за систематизација на работните места, а поради настанати дополнителни непредвидени финансиски обврски има недостиг на средства во Буџетот на општината за финансирање на наведените унапредувања.

Врз основа на погоре наведеното,а согласно на член 52 став 1, 2 и 3 од Законот за административните службеници, Градоначалникот на Општина Чешиново-Облешево одлучи како во диспозитивот.

Правна поука: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администација во рок од осум (8) дена од денот на објавувањето на Одлуката на интернет страницата на општина Чешиново-Облешево.

Доставено до:
-архива
-кандидат
-Агенција за администрација

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Изготвил:Љијанка Андонова